**БАРАЊЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ БР.01/2023**

Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Гевгелијаод Гевгелија има потреба од спроведување на верификувана обука за сертифицирање на 12 (дванаесет ) лични асистенти за давање на социјалната услуга: лична асистенција за лица со попреченост.

Услови за спроведување на обуката:

- Датум на започнување: Обукатапотребно е да започне да се реализира најдоцна до **20.02.2023 година**;
- Програма: Обуката потребно е да се одвива согласно верификувана програма за образование на возрасни;
- Место на одржување: Обуката потребно е да се реализира на подрачјето на ОпштинаГевгелија, односно на подрачјето на соседните општини во радиус од најмногу 70 км;
- Сертификат: По завршување на обуката на учесниците да им се издаде сертификат: „ Личен асистент на лица со попреченост”.

Потребни квалификации на Давателот на обуката:

- да биде лиценциран за вршење дејност од областа образование на возрасни за давање на социјална услуга лична асистенција;
- да не постои судир на интереси со Давателот на услугата (појаснување: *Давателот на услуга нема да биде подобен за добивање на финансиски средства во рамките на договорот за грант за финансирање на обуката, доколку истиот се јави и во улога на Дaвател на обуката*)

Заинтересираните понудувачи, потребно е со понудата да ја достават следната документација:

1. Пријава – Формулар за пријава за верификуван спроведувач на обука;
2. Решение за верификација на посебна програма за образование на возрасни;
3. Решение за верификација на институција за образование на возрасните за реализација на посебна програмаза образование на возрасни;
4. Изјава дека понудувачот нема судир на интереси со Давателот на услугата.За најповолна ќе биде избрана онаа понуда која ги исполнува погоренаведените барања и квалификации, а воедно понудувачот има понудено најниска евалуирана цена.

Сите дополнителни појаснувања може да се добијат на следната електронска адреса:gevgelija@redcross.org.mk.

Понудите се доставуваат во електронска форма на е-поштата на Давателот на услуга: gevgelija@redcross.org.mk, со назнака: Понуда за спроведување на обукалична асистенција на лица со попреченост.
Краен рок за доставување на понудите е **06.02.2023.**